РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

Бр. 08-785/4
16.08.22 год.
Скопје

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Моден дизајн", на Факултет за дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа - ФОН во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Моден дизајн", на Факултет за дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа - ФОН во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-145/4 од 25.07.2022 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Американски Универзитет на Европа - ФОН во Скопје се обрати со барање бр.11-108/3 од 10.08.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-785/1 од 10.08.2022 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Моден дизајн", на Факултет за дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа - ФОН во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-785/2 од 11.08.2022 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 12.08.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-785/3 од 15.08.2022 година, каде е наведено дека, за студиската програма од втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС) по „Моден дизајн", на Факултет за дизајн и мултимедија при Американски Универзитет на Европа - ФОН во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Севгил Муртези